ДРЖАВНА
РЕВИЗОРСКА
ИНСТИТУЦИЈА

ДЗР
Државен завод за ревизија
Република Северна Македонија

заеднички извештај | паралелна ревизија на успешност

# ПОДГОТВЕНОСТ

## за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030

ДРЖАВНА
РЕВИЗОРСКА
ИНСТИТУЦИЈА

ДЗР

Државен завод за ревизија
Република Северна Македонија

Заеднички извештај

Паралелна ревизија на успешност

# ПОДГОТВЕНОСТ за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030

мај, 2024 година

Овој извештај е поддржан во рамките на проектот „Поддршка на реформите во управу-вањето со јавните финансии во Република Северна Македонија" имплементиран од УНДП и финансиран од Министерството за финансии на Република Словачка во рамките на Про-грамата за развој на јавните финансии. Ставовите изразени во оваа публикација се на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите на УНДП, Обединетите нации или која било од поврзаните организации.

# ВОВЕД

*„Размената на искуства е корисна за сите“* е мотото на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI), а паралелните ревизии како оваа докажуваат дека ова мото е многу повеќе од зборови.

Овој извештај е резултат на паралелната ревизија на успешност спроведена од Државната ревизорска институција на Република Србија и Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија.

Со потпишување на Договорот за соработка во февруари 2022 година од страна на главните државни ревизори на двете врховни ревизорски институции (ВРИ) се обезбеди соработка во примена на принципите, стандардите и насоките на INTOSAI и добрите практики, како и унапредување на професионалната и техничката соработка, давање взаемна поддршка при обука на вработените, размена на информации, како и размена на искуства за унапредување на методологијата на државната ревизија.

На 25 септември 2015 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои Резолуцијата „Трансформација на нашиот свет: Агенда за одржлив развој до 2030 година“. Со усвојувањето на Резолуцијата, Република Србија и Република Северна Македонија како членки на Обединетите нации се обврзаа да придонесат за постигнување на 17-те Цели за одржлив развој, преку низа мерки и активности и да бидат насочени кон подобрување на условите за живот на населението во економската, социјалната и еколошката сфера.

Пристапот кон развојот да биде одржлив, растот мора да биде инклузивен - принципот е дека **„никој не треба да се остави зад себе“**. Ова ќе се постигне со решавање на проблемите како што се социјалната исклученост, нееднаквоста и не конзистентно усвојување и спроведување на јавните политики во областа на човековите права, што може да ги забави Целите за одржлив развој (ЦОР).

Свет без сиромаштија, глад, со соодветна здравствена заштита, образование, мир, правда, намалување на нееднаквоста, достоинствена работа и зачувување на климата, се само дел од целите што земјите-членки се обврзаа да ги исполнат до 2030 година.

Според INTOSAI - P 12, ВРИ постојат за да придонесат за вредностите и придобивките на граѓаните во нивните земји. Ако погледнеме station наназад на Агендата 2030, таа отсликува обврзувачка и сеопфатна визија за свет во кој граѓаните уживаат во подобар живот. Секоја земја ги има потпишано целите кои се интегрирани, универзални и неразделни. Земени заедно, тие во суштина го опфаќаат целиот ревизорски универзум на ВРИ.

Меѓународната организација на врховните ревизорски институции, заедно со Организацијата на Обединетите нации, ја нагласува важноста на независните ВРИ, како еден од предусловите за ефикасно, ефективно и транспарентно исполнување на ЦОР. Соодветно, еден од приоритетите на Стратешкиот план на INTOSAI за периодот од 2023 до 2028 година е Приоритетот 2 - Придонесете за постигнување на Агендата 2030, кој има за цел **„да се придонесе во оценката и мониторингот на ЦОР во контекст на специфичните активности и напори што секоја земја ги дава на полето на одржливиот развој“**.

ВРИ на Република Србија и ВРИ на Република Северна Македонија, во периодот од 2019 до 2022 година, спроведоа неколку индивидуални ревизии на успешност на теми поврзани со ЦОР во социјалната, економската и еколошката сфера (земјоделство, заштита и достапност на водите, квалитет на воздухот, управување со отпад, родова еднаквост, социјална и здравствена заштита, заштита на културните добра, комунални услуги, јавни набавки итн.).

Извештајот пред вас вклучува генерални согледувања и утврдени состојби, како и генерални заклучоци од националните ревизорски извештаи за подготвеноста на институциите и органите на Република Србија и Република Северна Македонија да ги имплементираат целите за одржлив развој од Агендата 2030 на Обединетите нации.

Покрај додадената вредност за идни подобрувања во областа на ревизијата, значењето на оваа паралелна ревизија е и подобрувањето на стручните знаења за ревизијата на успешност и соработката меѓу учесниците, односно подготвеноста на ВРИ да ги споделат своите искуства, како и желбата да учат еден од друг и да го поддржуваат сопствениот развој.

Ревизиите беа извршени во согласност со Рамката за професионални стандарди INTOSAI, Кодексот за професионална етика на државните ревизори, принципите на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), како и во согласност со националните регулативи.

Со задоволство ги презентираме резултатите од нашата ревизорска работа и резимето на спроведените национални ревизии. Следствено, извештајот ги опфаќа сите ревизорски процеси, од фазата на планирање до фазата на известување и ги прикажува резултатите од паралелната ревизија на успешност.

Веруваме дека овој ревизорски извештај ќе даде јасна слика за моменталната состојба и напредокот постигнат во спроведувањето на Агендата 2030 во двете земји од 2015 година, кога е усвоена Резолуцијата **„Трансформација на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој“** и препораки за подобрување на овој процес.

Целта на соработката е дополнително да се олесни размената на знаења и искуства помеѓу ВРИ, како и да се промовира концептот на регионална соработка за прашања од општ јавен интерес. Преку извештајот, читателите треба да стекнат поширока слика и разбирање за општите проблеми идентификувани во спроведувањето на Целите за одржлив развој од Агендата 2030 на Обединетите нации, како и можноста за подобрување на овој процес, со цел понатамошно промовирање на отворената комуникација и соработка.



**Државен завод за ревизија**
**Република Северна Македонија**
м-р Максим Ацевски
Главен државен ревизор

**Државна ревизорска институција**
**Република Србија**
д-р Душко Пејовић
Претседател и главен државен ревизор

# СОДРЖИНА

**Вовед** **4**

Кратенки 11

**Резиме** **12**

**Основни податоци и концепт за ревизија** **18**

Основни информации 19

**Концепт на ревизијата** **22**

Република Србија 23

Република Северна Македонија 26

**Клучни утврдени состојби** **30**

Интеграција на Агендата 2030 во национален контекст 31

Капацитети и ресурси за имплементација на ЦОР 40

Следење и известување за Целите на одржлив развој 50

**Резиме на националните извештаи** **60**

Државна ревизорска институција на Република Србија 61

Државен завод за ревизија на Репубика Северна Македонија 65

**Прилог 17 Цели на одржлив развој** **69**

# Кратенки

**INTOSAI** | Меѓународна организација на врховни ревизорски институции

**ISSAI** | Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции

**IDI** | Развојна иницијатива на INTOSAI

**UNDAF** | Рамка за развојна помош на Обединетите нации

**EUROSTAT** | Статистичко биро на Европската Унија

**MAPS - Mainstreaming** | Забрзување и поддршка за политики

**АГЕНДА 2030** | Програма на Обединетите нации за одржлив развој до 2030 година

**ВРИ** | Врховни ревизорски институции

**ЕУ** | Европска Унија

**ИПА** | Инструмент за претпристапна помош

**ОН** | Организација на Обединетите нации

**УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации

**ЦОР** | Цели за одржлив развој

# РЕЗИМЕ

Со спроведување на независни ревизии на владините активности, Врховните ревизорски институции (ВРИ) играат важна улога во придонесот за ефективно спроведување на политиките.

За подобро решавање на релевантните прашања и проблеми на полето на имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година во своите земји, секоја ВРИ дизајнираше и спроведе посебна ревизија на успешност, усогласувајќи се со одредени заеднички референтни области.

Ревизијата на успешност и во двете земји беше спроведена во согласност со националните регулативи и меѓународните стандарди. Развојната иницијатива на INTOSAI (IDI), изработи Упатство за врховните ревизорски институции за вршење ревизија на подготвеноста за имплементација на Агендата 2030[1], кое дава насоки на ревизорските тимови на ВРИ за тоа како да го користат **пристапот на цела Влада** во планирањето, спроведувањето и известувањето за ревизијата на успешност, врз основа на ISSAI, на тема подготвеност на Владите за спроведување на Агендата 2030. Овој пристап се однесува на заедничките активности што ги спроведуваат различните министерства, административни тела во министерствата и посебните организации, како и секторските прашања од областа на прилагодување на Агендата 2030 во националниот контекст на секоја земја. Покрај пристапот ориентиран кон системите, применивме и пристап ориентиран кон резултатите. Областите на истражување беа: правна и институционална рамка, мониторинг и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030.

**Пристапот на ниво на цела Влада**[2] е сеопфатен термин за група одговори на проблемот со зголемената фрагментација на јавниот сектор и јавните услуги и желбата да се зголеми интеграцијата, координацијата и капацитетот.

Имајќи ја предвид целта на ревизијата, која се однесува на оценка за подготвеноста и напредокот во спроведувањето на ЦОР, како и хронологијата на активности од усвојувањето на Резолуцијата на ОН за Агендата 2030, до денес, ревизијата го опфати периодот од 2015 до 2022 година, при што имавме предвид и активности кои беа преземени во текот на ревизијата, заради следење на напредокот.

Со цел да се соберат и оценат споредливи информации за активностите на националните влади, двете ВРИ подготвија рамка за ревизија која го содржи главното ревизорско прашање и соодветните потпрашања опфатени со националните ревизии.



1 Насоки за ревизија на подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој за ВРИ, IDI, 2019 година (Auditing Preparedness for Implementation of Sustainable Development Goals A Guidance for Supreme Audit Institutions)

2 Whole Government Approach

ВРИ ги идентификуваа главните области кои се значајни за активностите на државните органи, а кои се насочени кон спроведување на Агендата 2030. Концептот на двете ревизии е сличен, со одредени разлики во однос на идентификуваните национални предизвици и ризици.

**Врз основа на заклучоците, ја даваме следнава главна порака:**

"Република Србија и Република Северна Македонија ги исполнија основните предуслови и постигнаа одреден напредок во спроведувањето на Агендата 2030 во периодот од 2015 до 2022 година. Сепак, на половина пат од планираниот период за спроведување на Агендата 2030 и покрај постигнатиот напредок, некои важни процеси сè уште не се завршени. Со оглед на тоа што имплементацијата на ЦОР е долгорочен процес, неопходно е негово постојано следење и унапредување, што е и целта на овие ревизии на успешност.

**ВРИ на Република Србија** врз основа на спроведената ревизија донесе заклучок дека Република Србија покажала подготвеност да ги вклучи Целите за одржлив развој во својот национален контекст, но дека е неопходно да се дефинираат долгорочните национални развојни приоритети и да се воспостави континуирана координација на сите надлежни органи и заинтересирани страни.

За ефективно спроведување на Агендата 2030, потребно е надлежните органи да го завршат клучниот процес на усвојување на долгорочниот стратешки развоен план на Република Србија, така што тој, како водечки документ на развојното планирање, јавните политики и националниот буџет, доследно ќе ја рефлектира поврзаноста со ЦОР во сите аспекти на Агендата 2030. Резултатот од мапирањето на важечките плански документи во однос на Агендата 2030, покажува дека 78% од постојната рамка за секторско планирање во 2022 година е покриена со ЦОР, но и дека придонесот на важечките плански документи за ЦОР не е воедначен. Исто така, иако системот на среднорочно планирање и програмско буџетирање обезбедува поврзаност на целите со средствата за нивна реализација, средствата за реализација на ЦОР не се претставени на доволно транспарентен начин, т.е. нема едноставен и јасен преглед на потрошените средства за реализација на сите 17 цели, како и по поединечни ЦОР.

Во Република Србија, воспоставена е интегрирана институционална рамка за спроведување на Агендата 2030, со вклучување на бројни развојни партнери со цел да се мобилизираат расположливите ресурси за градење на капацитети, а со тоа и за реализација на ЦОР. Сепак, од 2020 година недостасува континуирана координација на активностите на државните органи и другите заинтересирани страни во однос на имплементацијата на Агендата 2030, а заклучокот е дека е потребно поефективно управување со податоците за меѓународната развојна помош.

Во однос на следењето на имплементацијата на ЦОР преку сет на индикатори, како и известувањето за напредокот во спроведувањето на ЦОР, Републичкиот завод за статистика, како главен и одговорен создавач на официјалната статистика за ЦОР, има значаен придонес во текот на целиот период на имплементација на Агендата 2030. Особено е значајно кога Републичкиот завод за статистика на почетокот на 2019 година, формираше портал /платформа за следење на индикаторите на ЦОР, преку која може да се пристапи до базата на податоци која содржи податоци за целите и под целите на одржлив развој и нивните индикатори. Сепак, ВРИ заклучи дека ефективната имплементација и следењето на спроведувањето на Агендата 2030, во согласност со специфичностите на Република Србија, дополнително ќе се подобри со усвојувањето на Националниот патоказ за статистика, националните индикатори за следење на ЦОР, како и редовното инклузивно известување на Обединетите нации.

Во 2019 година, Република Србија го претстави првиот и единствен Доброволен национален извештај во Обединетите нации за спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030 година.

**ВРИ на Република Северна Македонија** врз основа на спроведената ревизија заклучи дека и покрај добро воспоставената стратешка и институционална рамка за спроведување на обврските од Агендата 2030, поради одредени слабости во: структурата на управување, административните капацитети, комуникацијата и информирањето, финансирањето и системот за мониторинг, институциите и органите на Република Северна Македонија делумно се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој до 2030 година.

Основните предуслови за спроведување на обврските од Агендата 2030 се исполнети во Република Северна Македонија, односно постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој. Од причини што Националната стратегија за одржлив развој не е во целост приспособена на Агендата 2030, се подготвува Национална развојна стратегија, а секторските стратешки документи во главно ги рефлектираат насоките и принципите предвидени со ЦОР, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е на ниво од 83%, односно 95% доколку се земе во предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции. Функционирањето на организациската и институционалната поставеност за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој, е попречено поради слабите административни капацитети, недостаток на сите предвидени тела за поддршка и процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности. Утврдено е и отсуство на редовна меѓу институционална комуникација, како и отсуство на ефикасни канали за комуникација и информирање со цел вклученост на засегнатите страни и подигање на јавната свест.

Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за Рамката за соработка за одржлив развој, претставува добра основа која ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за период од пет години. Расположливите средства наменети согласно Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за Рамката за соработка за одржлив развој не се во целост искористени, а клучните институции во националната рамка за спроведување на Агендата 2030 располагаат со ограничени капацитети за целосна координација и извршување на националните политики и приоритети. Постојниот начин на буџетирање не дава јасна слика за тоа колку од планираните и реализирани буџетски средства се насочени во функција на остварување на ЦОР и не овозможува ефикасно следење на резултатите од финансираните активности.

Воспоставените инструменти за мониторинг како што се извештаите за Брза интегрирана проценка, Доброволен национален преглед и извештаите на Заедничкиот управен комитет обезбедуваат добра основа за следење и мерење на напредокот и резултатите. Од глобалната рамка на индикатори, за Република Северна Македонија расположливи се 155 индикатори или (63%), кои во најголем дел произлегуваат од Државниот завод за статистика, но потребна е платформа на нејзината веб страна, за континуирано мониторирање и подобра отчетност.

***Главните заклучоци на*** двете ВРИ, врз основа на кои беа дадени **препораки** до субјектите на ревизијата, се дека за ефективна имплементација на ЦОР и Агендата 2030, потребно е да се унапредат и подобрат:

- воспоставената стратешка и планска рамка за координација со ЦОР;
- функционалноста на воспоставената институционална структура, односно подобрување на координацијата на надлежните органи и заинтересираните страни;
- транспарентност на финансирањето на целите за одржлив развој со воспоставена врска меѓу целите и под целите на одржливиот развој и буџетот;
- системот за мониторинг и следење на имплементацијата на ЦОР.

**Ревизорските извештаи се достапни на веб-страницата на ВРИ:**

Државна ревизорска институција на Србија (dri.rs) 2023-2-Цели на одржлив развој.pdf (dri.rs)

Државен завод за ревизија на Република Северна Македонија (dzr.mk) https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ И КОНЦЕПТ ЗА РЕВИЗИЈА

# Основни информации

На 70-то заседание на Генералното собрание на Обединетите нации (септември 2015 година) беше усвоена резолуција под името ***„Трансформација на нашиот свет: Агенда за одржлив развој до 2030 година“.***

***Агендата 2030, се состои од 17 цели за одржлив развој и 169 поврзани таргети кои се аспиративен водич за иднината кон која треба да се стремат земјите.*** Тие ги вклучуваат економските, социјалните и еколошките проблеми.

**Слика бр.1**

**Критични димензии на одржливиот развој**

*Агендата овозможува секоја влада да постави свои национални таргети врз основа на националните околности и одлучи како глобалните цели ќе бидат инкорпорирани во националните процеси на планирање, политики и стратегии. Со цел да помогне на овој процес, Групата за развој на Обединетите нации го изработи Референтниот водич за вовед во Агендата 2030 и ЦОР.*




*https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf*

*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk)*

## Улогата на ВРИ

ВРИ по својата природа имаат мандат и исклучителна улога во следењето и во ревизијата на спроведувањето на целите за одржлив развој, преку спроведување на висококвалитетни ревизии на теми кои се од големо значење за животот на граѓаните.

Ревизијата на успешност за подготвеноста за спроведување на Агендата 2030 е еден од првите одговори на ВРИ во придонесот кон спроведувањето на ЦОР. Со спроведување на овие ревизии, ВРИ се обидуваат уште на почетокот да ги поттикнат националните влади да преземат активности, онаму каде што има потреба од подобрување или пак онаму каде недоволно се преземени активности и да дадат конструктивни препораки.

Улогата на ВРИ за ефикасно, ефективно, транспарентно и одговорно спроведување на Агендата 2030 експлицитно се препознава во резолуцијата на Генералното собрание на ОН од декември 2014 година *„Промовирање и поттикнување на ефикасноста, одговорноста, ефективноста и транспарентноста на јавната администрација преку зајакнување на врховните ревизорски институции“ (А /69/228).*

Додадената вредност на ВРИ е прикажана на сликата што следи.

## Слика бр. 2

**Додадена вредност на ВРИ**




*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk)*

# КОНЦЕПТ НА РЕВИЗИЈАТА

# Република Србија

Владата на Република Србија учествуваше во изработката на Агендата 2030 со вклучување на граѓаните во процесот преку консултации за развојната Агенда по 2015 година и директно учество на државните претставници на глобалните форуми, каде што се дефинирани ЦОР. Официјалните претставници на Република Србија учествуваа во Отворената работна група, која беше задолжена од Генералното собрание на ОН да го утврди нацрт-предлогот на ЦОР како составен дел од Агендата 2030.

Република Србија активно придонесе за формулирање и усвојување на Агендата 2030 и ЦОР преку националната кампања „Србија каква што ја сакам“. Исто така, Република Србија на високиот политички форум на Обединетите нации во 2019 година во Њујорк го претстави Доброволниот национален извештај за спроведувањето на Агендата 2030.

Обединетите нации ги групираа ЦОР во „пет букви П“ - **Луѓе, планета, просперитет, мир, партнерства**[3] - кои ја одразуваат сеопфатноста на оваа глобална агенда.

Мапирањето на националните стратегии и јавните политики на Република Србија, според Владата на Република Србија, се заснова на четири области:

**Слика бр.3**

**Групирање на Целите за одржлив развој во „пет букви П“**

| | |
|---|---|
| **Луѓе** | Развој на човечки ресурси (Цели за одржлив развој 1,2,3,4,5 и 10) |
| **Планета** | Животна средина и клима (Цели за одржлив развој 6,7,11,12,13 и 15) |
| **Просперитет** | Економски раст (Цели за одржлив развој 8 и 9) |
| **Мир и партнерства** | Институции, финансии и соработка (Цели за одржлив развој 16 и 17) |

*Извор: Рамка за соработка на ОН за одржлив развој со Република Србија 2021 – 2025, стр.11*

3 People, Planet, Prosperity, Peace, Partnerships

Според рангирањето на земјите во достигнување на ЦОР, Република Србија во 2022 година е на 36-то место од 166 земји. Земјите се рангирани според вкупната оценка која го мери севкупниот напредок кон постигнување на сите 17 ЦОР. Оценката може да се толкува како процент од постигнувањата на ЦОР.

**Слика бр. 4**

**Рангирање на земјите во постигнувањето на ЦОР**




*Извор: Sustainable Development Report 2023 (sdgindex.org)*

# Цел, опфат и ревизорски прашања

## Цел на ревизијата

**Целта** на ревизијата беше да се оцени дали надлежните органи ги презеле потребните активности, **Република Србија** да биде подготвена за спроведување на ЦОР од Агендата 2030.

## Опфат на ревизијата

Имајќи ја предвид целта на ревизијата, која се однесува на оценка на подготвеноста и напредокот во спроведувањето на ЦОР, како и хронологијата на активности од усвојувањето на Резолуцијата на ОН за Агенда 2030 до денес, ревизијата го опфати **периодот од 2015 до 2022 година**.

Во ревизијата беа вклучени следните субјекти на ревизија: Министерство за надворешни работи, Министерство за европски интеграции, Републички секретаријат за јавни политики и Републички завод за статистика. Исто така, извори на информации беа и 25 министерства во Владата на Република Србија и бројни заинтересирани страни.

## Ревизорски прашања

За да се постигне целта на ревизијата, дефинирани се следните ревизорски прашања:

1. До кој степен правната рамка и националните плански документи се усогласени со Агендата 2030?
2. Дали воспоставената институционална рамка и механизмите за координација обезбедуваат ефикасно спроведување на Агендата 2030?
3. Дали е воспоставен ефикасен и транспарентен систем за следење и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030?

# Република Северна Македонија

Одржливиот развој претставува клучен предизвик со кој се соочуваат сите земји и светот како целина и е основа за денешната водечка глобална рамка за меѓународна соработка - Агендата 2030 и Целите за одржлив развој.

Главниот фокус на ЦОР се партнерства за просперитет и мир на луѓето и планетата.

**Слика бр. 5**

**Главен фокус на ЦОР**




*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk) https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf*

Република Северна Македонија како членка на Организацијата на Обединетите Нации во 2015 година ја усвои „Агендата за одржлив развој 2030“ и ја прифати како „*универзална рамка за зајакнување на колективната акција кон заеднички цели и предизвици*“, при што „*намалување на нееднаквостите*“ и „*никој да не биде изоставен*“ се клучни принципи во основата на нејзините активности.

Владата на Република Северна Македонија заедно со ОН предвидено е да работат кон исполнување на четири резултати (*вработување и деловно опкружување; здравство, образование, култура, социјални услуги и борба против насилство; животна средина и климатски акции и добро владеење*), за решавање на клучните развојни предизвици во земјата и тоа: *просперитет и луѓе, ЦОР за планетата и ЦОР за мир*.

Успехот во постигнувањето на целите за одржлив развој по индикатори е поставен на следниот линк: https://dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia

**Слика бр.6**

**Рангирање на земјите во постигнувањето на ЦОР**




*Извор: https://dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia*

# Цел, опфат и ревизорски прашања

## Цел на ревизијата

**Целта** на ревизијата беше да се процени националната подготвеност за спроведување на ЦОР, односно да се даде оценка дали Владата на Република Северна Македонија и нејзините надлежни институции се подготвени да ја спроведат Агендата 2030.

## Опфат на ревизијата

Со ревизијата го опфативме периодот од 2015 до 2022 година, а одредени прашања и настани се опфатени претходно и последователно до денот на известување за ревизијата.

Со ревизијата беа вклучени: Владата на Република Северна Македонија / Кабинетот на заменик претседателот на Влада задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции / Националниот совет за одржлив развој, Министерство за надворешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање и Државен завод за статистика, а податоци се обезбедени и од министерствата од ресорот труд и социјална политика, локална самоуправа, финансии, здравство, правда, одбрана, внатрешни работи, образование и наука, култура, економија, земјоделство, шумарство и водостопанство, и транспорт и врски.

Согласно законската регулатива и Меѓународните стандарди за ревизија, за потребите на ревизијата беа ангажирани надворешни стручни лица од областа, со цел спроведување на истражување за процена на информираноста и вклученоста на засегнатите страни и јавноста во прилагодување на националната рамка со ЦОР во Република Северна Македонија. Методите на истражување кои се применија беа метод на анкета, позадинско истражување (веб страници, медиуми и останати документи) и интервјуа со засегнати страни.

## Ревизорски прашања

За да се одговори на основното ревизорско прашање, беа идентификувани следните ревизорски прашања:

1. До кој степен Владата ја има прилагодено Агендата 2030 во својот национален контекст?
2. Дали Владата ги има утврдено и обезбедено ресурсите и капацитетите потребни за спроведување на Агендата 2030?
3. Дали е воспоставен механизам за мониторинг и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030?

# КЛУЧНИ УТВРДЕНИ СОСТОЈБИ

# Интеграција на Агендата 2030 во национален контекст

Целите и под целите на одржливиот развој се интегрирани и неделиви, глобални по природа и универзално применливи, имајќи ги во предвид различните национални околности, капацитети и нивоа на развој и почитувајќи ги националните политики и приоритети. Важно е да се препознае поврзаноста помеѓу одржливиот развој и другите релевантни постоечки процеси во областа на економијата, социјалата и заштитата на животната средина.

Секоја влада ќе одлучи како овие глобални цели кон кои се стремат треба да се воведат во националните процеси на планирање, политики и стратегии[4].

***Интеграција на Агендата 2030 во национален контекст***

Република Србија и Република Северна Македонија располагаат со правна рамка која го промовира одржливиот развој, како од аспект на Уставот како највисок општ правен акт, кој гарантира дека државата го уредува и обезбедува одржливиот развој, така и од аспект на законодавството.

Во однос на планирањето и спроведувањето на успешен одржлив развој на национално ниво, во двете земји постојат голем број среднорочни и долгорочни плански документи и стратегии кои се фокусираат на различни делови од одржливиот развој. Во двете земји се очекува изработка и усвојување на национални стратешки документи во кои националните приоритети ќе бидат поврзани со Целите за одржлив развој, почитувајќи го принципот на широки консултации со сите заинтересирани страни.

Вкупната покриеност на целите и под целите на одржливиот развој со рамката за планирање во Република Србија и Република Северна Македонија е на задоволително ниво, но во некои области од Агендата 2030, рамката за планирање е потребно да се зајакне, што ќе придонесе за поголем напредок во двете земји.

Република Србија и Република Северна Македонија имаат воспоставено институционалната рамка за спроведување на Агендата 2030, но за двете земји, недостасува јасна распределба на одговорности за координација и комуникација на сите чинители и нивните активности во имплементација на Агендата 2030.

4 Резолуција на Генералното собрание на ОН „Трансформација на нашиот свет: Агенда 2030“ (70/1) 2015, став 55

## Национална правна и стратешка рамка во контекст на Агендата 2030

Во **Република Северна Македонија**, клучните стратешки документи кои го инкорпорираат одржливиот развој и Агендата 2030 се: Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Партнерството за одржлив развој: Стратегија на Обединетите нации 2016-2020 (UNDAF)[5] и Рамката за соработка и Одржлив развој за период 2021-2025 година.

Со цел усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштитата на животната средина на национално ниво, Владата на Република Северна Македонија има донесено Национална стратегија за одржлив развој со временска рамка од 2009 до 2030 година.

Имајќи во предвид дека **стратегијата е донесена пред да се усвојат ЦОР и не е ревидирана, истата не ги интегрира во целост целите и индикаторите на Агенда 2030.** Извршена е прелиминарна проценка на трошоците за имплементација на Националната стратегија за одржлив развој, но не е утврдена финансиска рамка за спроведување на општите и посебните цели, мерки и активности.

На почетокот на 2021 година, Владата на Република Северна Македонија го започна процесот на изработка на Национална развојна стратегија за период од 20 години. Процесот на подготовка на стратегијата го следи начелото на широки консултации со сите заинтересирани страни и транспарентно и редовно информирање преку дигиталната платформа ***www.nrs.mk.***

### Слика бр. 7

**Дигитална платформа за јавни консултации за подготовка на Националната развојна стратегија**






*Извор: www.nrs.mk.*

5 Partnership for Sustainable Development: United Nations Strategy 2016-2020, UN Country Team Skopje

Владата **на Република Србија,** во 2008 година, ја усвои Националната стратегија за одржлив развој од 2009 до 2017 година, меѓутоа за периодот по 2017 година не е донесен нов долгорочен план за одржлив развој. Законот за системот на планирање на Република Србија од 2018 година го дефинира Планот за развој на Република Србија како хиерархиски највисок документ за развојното планирање за период од најмалку десет години, кој го донесува Народното собрание. Развојниот план ги одредува насоките на развој што треба да ги постигне Република Србија на полето на економијата, социјалниот и општествениот развој и зачувувањето на природата и животната средина, со цел создавање услови за повисок животен стандард, поповолни демографски движења и подобар живот за граѓаните. Со оглед на тоа што истиот се уште не е усвоен, препораката на ВРИ на Република Србија се однесува на завршување на овој процес, со цел поврзување на националните приоритети со ЦОР. При спроведувањето на ревизијата беа преземени мерки за негова подготовка и усвојување.

Републичкиот секретаријат за јавни политики подготви предлог - Уредба за начинот за изготвување на Нацрт планот за развој на Република Србија, со кој поблиску се пропишува постапката за негова подготовка и известување и истата е усвоена од Владата на Република Србија во јуни 2023 година.

## Мапирање на националната стратешка рамка во однос на Целите за одржлив развој

За спроведување на Агендата 2030 потребен е интегриран пристап за промовирање на сите димензии на одржливиот развој на избалансиран начин и создавање хоризонтална кохерентност и интеграција на политиките. Исто така, Агендата 2030 бара и вертикална кохерентност и интеграција на сите нивоа на власт, за процесот на спроведување да ги одразува локалните, националните и глобалните прашања.

Секоја земја-членка на ОН треба да ги анализира и прегледа постојните стратегии и планови на национално, регионално, локално и секторско ниво и да ги спореди со глобалните ЦОР и под цели, со цел да се утврди колку добро се усогласени во однос на содржината и амбициите со сеопфатните ЦОР, да ги идентификува недостатоците, да воспостави критериуми и да даде насоки за подобрување на националните планови.

Во **Република Србија**, Републичкиот секретаријат за јавни политики - орган надлежен за преземање активности за обезбедување на координиран развој на јавните политики од пошироко значење за конкурентност и одржлив развој - ја мапираше националната стратешка рамка во однос на ЦОР во 2017, 2020, 2021 и 2022 година, за кои беше објавен документот „Србија и Агендата

2030"[6]. Мапирањето подразбира согледување со кое се одредува до кој степен целите, односно под целите на одржливиот развој, се вклучени во планските документи на Република Србија.

Вкупната покриеност на целите и под целите за одржлив развој со рамката за планирање на Република Србија е 78% во 2022 година. Може да се заклучи дека најголем напредок во однос на степенот на покриеност е постигнат во рамките на следните цели за одржлив развој: ЦОР 4: Квалитетно образование, ЦОР 5: Родова еднаквост, ЦОР 7: Достапна и обновлива енергија, ЦОР 8: Пристојна работа и економски раст и ЦОР 11: Одржливи градови и заедници, првенствено како резултат на усвојувањето на релевантните плански документи во овие области, кои од друга страна ја препознаваат важноста на приоритетите на Агендата 2030, во областите на образованието, човековите права, енергијата и одржливото користење на ресурсите.

Во одредени области од Агендата 2030, неопходно е да се зајакне рамката за планирање, со цел Република Србија да постигне напредок, пред се во областите: намалување на гладот (ЦОР 2), здравствена заштита (ЦОР 3), развој на одржлива и пристапна инфраструктура (ЦОР 9), намалување на нееднаквоста (ЦОР 10), одговорна потрошувачка и производство (ЦОР 12) и климатски промени (ЦОР 13).

Во **Република Северна Македонија**, хоризонталната и вертикалната кохерентност при креирање на политиките се оценува преку **користење на алатките за интегрирано моделирање**[7] кои укажуваат дека во земјата се воспоставени процеси и механизми за оценка на степенот на вградување на ЦОР во националните политики и стратешки планови. Имено, секторските стратешки документите кои се донесени од 2018 година, во главно се усогласени и во нив се рефлектираат насоките и принципите кои се предвидуваат со ЦОР, освен стратегиите што се изготвени пред 2015 година, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е **83%**. Целосна усогласеност (покриеност на сите под цели од конкретна ЦОР) е утврдена со ЦОР 4 (образование), ЦОР 6 (вода), ЦОР 7 (енергија), ЦОР 9 (инфраструктура и индустријализација) и ЦОР 16 (инклузивно раководење). Најнизок степен на усогласеност од 50% е постигната кај ЦОР 10 (намалување на нееднаквоста).

Ако се земе предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции, степенот на усогласеност со ЦОР достигнува и **95%**, што укажува дека постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој.

6 https: //rsjp.gov.rs/cir/dokumenti-kategorija-cir/analize-cir/ датум на пристап: 15 мај 2023 година

7 Анализа за утврдување недостатоци (Gap Analyses) 2016, Брза интегрирана оценка (Rapid Integrated Assessment), 2019/20 Доброволен национален преглед (Voluntary National Review), 2020

## Институционална рамка во контекст на Агендата 2030

Насоките за воспоставување на институционални и координативни механизми за имплементација на ЦОР[8] обезбедуваат информации за тоа како земјите извршиле прилагодување на своите постојни институционални и координативни рамки или воспоставиле нови со цел да се имплементираат ЦОР и како ги распределиле одговорностите помеѓу различните нивоа на власт (национална, регионална и локална) за кохерентна имплементација на Агендата 2030.

Институционалната координација бара меѓу секторска синергија преку координација на министерствата, која ќе обезбеди усогласеност на постојните развојни стратегии на државата со ЦОР.[9]

Во Доброволниот национален извештај **на Република Србија за** спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030 година, која беше претставена во Обединетите нации во 2019 година, нагласено е дека е воспоставен институционален мрежен интегриран механизам за имплементација на Агендата 2030[10].

8 https: //pcjп.гов.рс/цир/документи-категорија-цир/анализе-цир/ датум на пристап: 15. мај 2023. година

9 Институционални и координативни механизми - Упатство за олеснување на интеграцијата и кохерентноста за спроведување на ЦОР, УНДП, 2017 година, стр. 13

10 Доброволен национален извештај на Република Србија за спроведување на Агендата 2030, 2019. година, стр. 32-34

**Слика бр.8**

**Институционална рамка за спроведување на Агендата 2030**




*Извор: ВРИ на Република Србија (dri.rs)*
*2023-2-Ciljevi odrzivog razvoja.pdf (dri.rs)*

Целиот процес на национална имплементација на Агендата 2030 и постигнување на ЦОР преку креирање и спроведување на кохерентните политики на Владата, е координиран од страна на Меѓуресорската работна група за спроведување на Агендата на ОН за одржлив развој до 2030 година, формирана во 2015 година. Работната група ја водел и координирал министерот без ресор задолжен за демографија и популациона политика, а се состои од назначени претставници на 26 релевантни ресорни министерства, владини канцеларии и агенција за следење и координација на активностите.

Меѓуресорската работна група ги координирала активностите на сите надлежни министерства и го следела спроведувањето на Агендата 2030 година, но координацијата на овие активности отсуствува во последните три години, бидејќи по 2020 година Владата на Република Србија нема **формирано нова работна група**, ниту пак има воспоставено координативен механизам за спроведување на Агендата 2030.

**Недостасува јасна распределба на одговорностите за координација на сите чинители и нивните активности** во спроведувањето на Агендата 2030, имајќи ја предвид сложеноста на областите што ги покриваат 17 - те ЦОР.

Во **Република Северна Македонија**, имајќи ги предвид комплексноста и мулти-секторската природа на одржливиот развој во целина и потребата од примена на нов сеопфатен и интегриран пристап на делување, со Стратегијата за одржлив развој предвиден е институционален механизам кој треба да даде поддршка на имплементацијата на одржливиот развој во државата.

Организациската и имплементациската рамка за постигнување на одржливиот развој е прикажана на сликата што следи:

## Слика бр.9

### Организациска и имплементациска рамка за постигнување на одржливиот развој




*Извор: Национална Стратегијата за одржлив развој 2009-2030 година*

Националниот совет како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија има надлежност да ја следи имплементацијата на Националната стратегија за одржлив развој и другите стратешки документи од областа на одржливиот развој и да го следи процесот на интегрирање на Целите за одржлив развој и Агендата 2030. Со заклучок на Националниот совет, Техничката работна група **е задолжена да изработи План за имплементација на приоритетните цели за период 2019- 2020 година, но истиот не е донесен. За имплементација на стратешките приоритети и цели во 2015 година изготвен е само еден Извештај кој го опфаќа периодот од 2010-2014 година.**

Во организациската и имплементациската рамка, недостасуваат сите предвидени тела за поддршка, отсуствуваат процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, поради што истите се фокусираат повеќе на консултации и/или на споделување на информации. Од тие причини отсуствува редовна институционална комуникација и координација што ги поврзува различните нивоа на владини активности за идентификување и меѓусебно поврзување на целите/таргетите во насока на интеграција на меѓу секторските политики.

# КАПАЦИТЕТИ И РЕСУРСИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦОР

Обемот и амбициозноста на Агендата 2030, наметнуваат вклучување на бројни партнери како што се националните парламенти, регионалните и локалните власти, академската заедница, граѓанското општество и приватниот сектор со цел да се мобилизираат сите расположливи ресурси неопходни за постигнување на сите 17 ЦОР[11]. Националните власти ја споделуваат одговорноста за глобалната имплементација на Агендата 2030, на ниво што одговара на нивните капацитети и ресурси.

За целосна имплементација на Агендата 2030 потребна е ефективна мобилизација на финансиски ресурси и партнерства.

Во Агендата се наведува дека „кохензивните национални стратегии за одржлив развој, поддржани од интегрирани национални мрежи за финансирање" ќе бидат основа за одржливиот развој.

Соодветно воспоставената буџетска инфраструктура е една од клучните претпоставки за ефикасно управување со процесот на имплементација на Агендата 2030. Имено, успешното планирање и известување за искористените финансиски средства се основа за следење на спроведувањето на Агендата 2030. Државите мора да ги земат предвид сите финансиски механизми кои се достапни за спроведување на Агендата 2030 година и за трансформирање на националните буџетски процеси со цел да се подржи природата на ЦОР заснована на резултатите.[12]



**Во Република Србија и Република Северна Македонија, бројни развојни партнери се вклучени во мобилизација на расположливите ресурси за имплементација на ЦОР. Според Рамката за соработка на ОН за одржлив развој во периодот од 2021 до 2025 година, за Република Србија ставени се на располагање средства во износ од 217,4 милиони долари, а за  Република Северна Македонија 124,6 милиони долари, кои не се целосно искористени.**

**Во двете земји, иако постојниот метод на буџетирање обезбедува поврзаност на целите на јавните политики со средствата за нивна реализација, не дава јасна слика за тоа колку од буџетските средства се наменети за постигнување на целите за одржлив развој. , т.е. не е доволно транспарентен.**



11 Србија и Агенда 2030 - Мапирање на националната стратешка рамка во однос на Целите за одржлив развој , стр. 50

12 Насоки на IDI за ревизија на подготвеноста за спроведување на ЦОР, стр . 26

Во **Република Северна Македонија,** со Брзата интегрирана проценка, утврдено е дека во периодот од 2016 до 2020 година за финансирање на 800 проекти од партнерите за развој, се потрошени 869.029.248 евра. Од вкупно потрошените средства 22% се средства од Европската унија, а 12% се средства обезбедени колективно од Агенциите на Обединетите нации.

Добра основа за одржлива и ефикасна имплементација на ЦОР на национално ниво, е јасен и сеопфатен долгорочен план за потребните средства за имплементација на Агендата 2030 во својот национален контекст. За таа цел, кон крајот на 2021 година, ОН во Република Северна Македонија изработи **Стратегија за мобилизација на средства и партнерства за Рамката за соработка за одржлив развој**, која што ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишен период.

Во неа се дефинирани стратешки цели, утврдена е финансиска рамка за спроведување на четирите стратешки приоритети на Владата утврдени во **Рамката за соработка за одржлив развој** 2021-2025 година како и партнерите кои придонесуваат за напредок во исполнувањето на Агендата 2030.

За остварување на четирите приоритети на Владата за периодот 2021-2025 потребни се 178,2 милиони американски долари, од кои мобилизирани, односно расположливи се 124,6 милиони американски долари или околу 70%, додека треба да се вложат дополнителни напори за до обезбедување на останатите 53,6 милиони американски долари. Износот на потребните средства, нивното учество во вкупните, расположливи средства до 2021 година и средствата кои треба да се до обезбедат за секоја одделна цел е прикажано на сликата што следи.

## Слика бр.10

**Потребни средства, расположливи до 2021 година и средства кои треба да се до обезбедат за секоја одделна цел**




*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk) https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf*

Податоците укажуваат дека најмногу средства се алоцираат за обезбедување на здрава животна средина (47%) и добро владеење (27%). За остварување здрава животна средина потребно е да се вложат и најмногу напори за до обезбедување на средства во периодот 2021-2025 година од причина што при изготвување на Стратегијата за оваа намена утврден е финансиски јаз од 51% помеѓу потребните и обезбедените средства.

Потребата од финансиски средства за остварување на владините приоритети индикативно по години и нивно учество во вкупните е дадено на сликата што следи.

**Слика бр.11**

**Потребни финансиски средства за владините приоритети и нивно учество по години**

| Година | Потребни средства | Учество |
|---|---|---|
| **2021** | Потребни 48,8 милиони УС $ | 27% од вкупно потребни средства |
| **2022** | Потребни 41,3 милиони УС $ | 23% од вкупно потребни средства |
| **2023** | Потребни 39,1 милиони УС $ | 22% од вкупно потребни средства |
| **2024** | Потребни 29,8 милиони УС $ | 17% од вкупно потребни средства |
| **2025** | Потребни 19,2 милиони УС $ | 11% од вкупно потребни средства |

*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk) https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf*

Алоцирањето на потребните средства по години има тренд на опаѓање, односно во 2021 година потребата од финансиски средства е најголема 27% од вкупните, додека во 2025 година е 11% од вкупните.

**Слика бр.12**

**Обезбедени и потрошени средства за 2021 и 2022 година**

во милиони САД долари




*Извор: ВРИ на Република Северна Македонија (dzr.mk) https://dzr.mk/sites/default/files/2024-03/53_RU_Podgotvenost_RSM_implementacija_celi_odrzliv_razvoj_do_2030_godina_FINALE_2023.pdf*

Мобилизацијата на средства во главно се одвива согласно планираното, но расположливите средства по години не се искористени во целост. Во 2021 година, ОН во Република Северна Македонија располагале со средства во вкупен износ од 44,9 милиони долари, од кои искористени се 35,6 милиони долари, односно 79%, а во 2022 година од расположливите 37,4 милиони долари, искористени се 31,3 милиони долари, односно 84%.

Во Република Северна Македонија, воспоставениот начин на буџетирање не дава јасна слика за тоа колку од планираните и реализирани буџетски средства се насочени во функција на остварување на одделните цели и под цели на одржливиот развој и не овозможува ефикасно следење на резултатите од финансираните активности.

Во **Република Србија**, 20 агенции, фондови и програми работат заедно за имплементација на Рамката за соработка на ОН со Република Србија за одржлив развој 2021-2025 година[13], со цел да се овозможи побрз напредок на државните развојни приоритети, во согласност со Агендата 2030 и реформските процеси, во согласност со насоките на ЕУ.[14]

Важна рамка за мобилизирање на ресурсите со цел да се постигнат развојните предизвици и реформи се: партнерството со ЕУ, достапност на инструменти за претпристапна помош (ИПА), како и развојната рамка на UNDAF 2016-2020 година и Рамката за соработка на ОН со Република Србија за одржлив развој 2021-2025 потпишана помеѓу Владата и Тимот на ОН во Република Србија управувани од Заедничкиот Управен комитет за имплементација на Рамката за соработка на ОН со Република Србија за одржлив развој во 2021 - 2025 година.

Според Рамката за соработка на ОН со Република Србија за одржлив развој, во периодот од **2021-2025 година, планиран е буџет од 365 милиони долари[15], а достапни се средства во износ од 217,4 милиони долари**. За три стратешки приоритети во 2022 година се издвоени 90,7 милиони долари, од кои се искористени 73,1 милиони долари. Во финансирање на проектите во 2022 година, Европската Унија учествува со 38,2%, а Владата на Република Србија со 26,4%.

Структурата на вложувања по донаторите во 2022 година е прикажана подолу. Сите активности поврзани со пристапувањето во ЕУ може да се сметаат за забрзувач на спроведувањето на Агендата 2030.

Во последните 15 години ЕУ е најголемиот донатор со реализирани грантови во износ од над три милијарди евра, како и најголем кредитор на заеми во вредност од 4,3 ми-

13 Рамка за соработка на ОН со Република Србија за одржливиот развој 2021-2025 година

14 Цели на одржлив развој | Обединетите нации во Србија (un.org) , пристапено: 15 јуни 2023 година

15 un-serbia-results-report-2021_0.pdf

лијарди евра.[16] Европската унија е еден од клучните двигатели во формулирањето на Агендата 2030 и е еден од лидерите во нејзиното спроведување.

**Слика бр.13**

**Вложувања во проекти по донатори во 2022 година**




*Извор: Годишен извештај на ОН во Република Србија за 2022 година*

16 Србија и Агенда 2030 - Мапирање на националната стратешка рамка во однос на ЦОР, Европска комисија, Агенда за поврзување, ноември 2020 година, стр. 81

Рамката претставува пат кон три стратешки приоритети:

**1** Србија да го користи целосниот потенцијал на зелена, одржлива и инклузивна економија - Зголемување на можностите за сите и управување со ризиците;

**2** Благосостојба, социјална правда и човечкиот потенцијал се во срцта на системите, политиките и практиките - Секој има еднакви можности во текот на животот да го реализира својот целосен потенцијал;

**3** Градење доверба и взаемна одговорност преку владеење на правото и почитување на човековите права и обврски - Поттикнување на транспарентност, правичност и ефективност.[17]

**Слика бр.14**

**Поврзување на приоритетите со преговарачките кластери и ЦОР**




*Извор: Извештај за резултатите на ОН во Република Србија - 2021 година (2021 Results Report United Nations Serbia)*

17 The United Nations in Serbia

Во 2019 година, Министерството за европски интеграции започна проект за воспоставување интегриран информациски систем - ISDACON за координација на развојната помош. Една од задачите на овој систем е да воспостави **врска помеѓу развојната помош и ЦОР.** Сепак, оваа врска **не е воспоставена**, бидејќи информацискиот систем не е целосно оперативен, иако конечно развиениот и тестиран систем е подготвен за употреба во 2021 година.

Еден од примерите на активности поврзани со спроведувањето на Агендата 2030 во Република Србија е мисијата MAPS, која е спроведена во септември 2018 година, како дел од поддршката на тимот на ОН за процесот на интеграција. Во 2018 година, мисијата MAPS утврди дека 47% од расходите на националниот буџет може да се поврзат со некои од Целите за одржлив развој.[18]

Во Република Србија постои буџетска инфраструктура која дава можност да се воспостави пракса на обележување на расходите и расходите поврзани со ЦОР. Средствата за имплементација на ЦОР не се во целост презентирани на транспарентен начин. Пример за добра пракса е обележување на расходите во врска со поединечните ЦОР кои се однесуваат на „Зелената агенда“, т.е. „зелени“ расходи.

18 Рамка за соработка на ОН за одржливиот развој со РС 2021–2025 , стр. 12

# СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Со усвојувањето на Резолуцијата на ОН, земјите-членки се обврзаа да се вклучат во систематско следење и преглед на имплементацијата на Агендата 2030[19]. Глобалната посветеност за трансформирање на нашиот свет бара глобална посветеност на известувањето и размената на податоци. Агендата 2030, подразбира партнерства и инвестиции, не само за постигнување на ЦОР, туку и за обезбедување на статистички податоци неопходни за следење, мерење и известување за напредокот на ЦОР[20]. Во Декларацијата за улогата на националните статистички институции во мерењето и следењето на ЦОР[21], одговорните лица на надлежните институции за статистика на земјите-членки на ОН изјавија дека националните статистички институции се посветени со својата експертиза да допринесат во мерењето на ЦОР на професионален, независен и непристрасен начин.

Според Резолуцијата на ОН за работата на Комисија за статистика[22] поврзана со Агендата 2030, официјалните статистички податоци и податоци од националните статистички системи ја претставуваат основата која е потребна за глобалната рамка на индикатори. Се препорачува, националните статистички системи да истражат начини за интегрирање на нови извори на податоци во нивните системи со цел да се задоволат новите потреби за податоци од Агендата 2030 и се нагласува улогата на националните статистички институции - Републичкиот завод за статистика во Република Србија, Државниот завод за статистика во Република Северна Македонија - како координатори на националните статистички системи.

19 Резолуција на ОН A/RES/70/1 за спроведување на Агендата 2030, Генерално собрание на ОН, 2015 година , став 72

20 Конференција на европски статистичари, патоказ за статистика за цели за одржлив развој, второ издание, Економска комисија на Обединетите нации за Европа, 2022 година, страница 10

21 Декларација за улогата на националните статистички институции во мерењето и следењето на ЦОР, Извештај од шеесет и третата пленарна сесија на Конференцијата на европските статистичари, Женева, 2015 година, Економска комисија на ОН за Европа

22 Work of the Statistical Commission pertaining to the 2030 Agenda for Sustainable Development, 2017

**Слика бр.15**

**Улогата на Националниот завод за статистика и Националниот статистички систем**




*Извор: Конференција на европски статистичари, Патоказ за статистика на целите за одржлив развој, второ издание, Економска комисија на Обединетите нации за Европа, 2022 година, стр. 88*

**Владите на Република Србија и на Република Северна Македонија имаат воспоставено систем за следење и известување за напредокот кон спроведувањето на ЦОР, но има простор за нивно подобрување.**

**На Републичкиот завод за статистика на Република Србија дадена е препорака за изработка на Националниот патоказ за статистика и национален сет на индикатори, кои ќе бидат во согласност со специфичностите на националните развојни потреби, а во Република Северна Македонија потребно е да се обезбеди платформа на веб-страницата на Државниот завод за статистика, која треба да го олесни пристапот, за да може постојано да се следат ажурираните податоци и метаподатоци и изворите на информации за индикаторите на ЦОР.**

**Република Србија и Република Северна Македонија во периодот што следи ќе го изработат и достават Вториот доброволен национален преглед за спроведување на целите за одржлив развој до ОН.**

**Републичкиот завод за статистика на Република Србија**, како координатор во националниот статистички систем, има воспоставено портал/платформа за следење на индикаторите на ЦОР во 2019 година. Преку порталот може да се пристапи и до базата на податоци која содржи податоци за целите и под целите на одржливиот развој и нивните индикатори. За референтни индикатори, Републичкиот завод за статистика ја користи листата на глобални индикатори на ОН.

**Слика бр.16**

**Национален портал за следење на индикаторите на ЦОР – Републички завод за статистика**




*Извор: https://sdg.indikatori.rs/ дата на пристап: 22. јуни 2023. година*



Со цел овој процес да биде поефективен, дадена е препорака до Републичкиот завод за статистика да изработи Национален патоказ за статистика, кој јасно ги дефинира активностите, улогите и одговорностите за собирање на потребните податоци за следење на имплементацијата на ЦОР, како што се: механизми за соработка, известување за целите и планот на комуникација. Дополнително, воспоставувањето на сетот на национални индикатори за следење на ЦОР, како и редовното инклузивно известување до ОН, ќе обезбеди имплементација и следење на спроведувањето на Агендата 2030 во согласност со спецификностите на Република Србија.

Во текот на ревизијата, Републичкиот завод за статистика следи 128 од 248 глобални ЦОР индикатори (во март 2024 година - 145 индикатори).

Слика бр.17

**Број на индикатори за ЦОР на порталот на Републичкиот завод за статистика по години**






*Извор: Републички завод за статистика https://sdg.indikatori.rs/sr-Latn/ дата на пристап: 1.4.2024. године*

Во 2019 година, на Високиот политички форум на ОН, Република Србија го претстави првиот Доброволен национален извештај за спроведување на Агендата 2030. Извештајот за напредокот во постигнувањето на ЦОР за 2022 година е трет по ред извештај подготвен од Републичкиот завод за статистика со поддршка на владите на Швајцарија и Германија (2020, 2021, 2022). Исто така, објавени се шест публикации од серијалот „Никој да не биде изоставен“, во кои се презентирани резултатите од следењето на напредокот во постигнувањето на целите во однос на ромската популација, децата, младите, половата перспектива и просторните нееднаквости (меѓу градовите и селата, како и меѓу регионите) и постарите луѓе.[23]

Во **Република Северна Македонија**, следењето и прегледот за напредокот на Република Северна Македонија кон остварување на целите за одржлив развој од Агендата 2030 се врши преку повеќе документи: Анализа за утврдување недостатоци од 2016 година, Брзата интегрирана проценка спроведена во период од 2019 до 2020 година, Првиот доброволен национален преглед кој е претставен на високиот политички форум на Организацијата на Обединетите нации, финалната евалуација на Партнерство за одржлив развој: Стратегија на Обединетите нации 2016-2020 (UNDAF) и извештаите за напредокот од Заедничкиот управен комитет за 2020, 2021 и 2022 година, кои обезбедуваат системско следење и преглед за напредокот на Агендата 2030.

Државниот завод за статистика во рамките на статистичкиот систем на Република Северна Македонија[24], согласно програмата за работа, ги продуцира преку редовните истражувања кои ја формираат рамката за следење на Европската Агенда 2030.

Имено, Државниот завод за статистика го следи концептот на одржливиот развој, од статистички аспект како дел од програмата за работа која е усогласена со Евростат, обврска која произлегува од определбата за хармонизација со ЕУ законодавството. Државниот завод за статистика од 2009 година го обезбедува сетот на индикатори воспоставен од ЕУ врз основа на Европската / Лисабонската стратегија за одржлив развој. Овој сет опфаќа вкупно 100 индикатори, структурирани во 10 теми. Од 2019 година, со усвојувањето на Агендата 2030 од страна на Владата, Државниот завод за статистика ја усогласи статистичката рамка за следење на индикаторите за одржлив развој и расположливите индикатори започна да ги објавува согласно европскиот сет на индикатори во 17-те препознатливи теми.

Во 2019, Државниот завод за статистика ја има објавено последната публикација[25], а



23 https://sdg.indikatori.rs/sr-latn/news-events/neizostavitenikog , пристап: 4 јули 2023 година

24 член 7 од Законот за државната статистика

25 Одржлив развој, 2018 (Sustainable development, 2018), Државен завод за статистика

во Статистичкиот годишник ги вклучува податоците за сетот индикатори за ЦОР на ЕУ, следствено на регионално и национално ниво и овозможува следење на напредокот на целите, во контекст на долгорочните политики.

Овие податоци можат да се најдат и во базата на податоци МакСтат, како и на веб страната на EUROSTAT.

**Слика бр.18**

**МакСтат база на податоци**




*Извор: Државен завод за статистика https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj*

Од вкупниот сет на индикатори, 155 или (62,8%) се достапни за Република Северна Македонија. Најголемиот дел од сетот на индикатори за ЦОР произлегуваат од програмата за работа на Државниот завод за статистика, додека, останатите индикатори се обезбедуваат од други релевантни институции.

Податоците за глобалната рамка 2030 се обезбедуваат така што Државниот завод за статистика одговара на барањата кои се добиваат од страна на ОН за податоците со кои располага, а останатите барања ги пренасочува до оние институции за кои има сознание дека се одговорни, што го отежнува процесот на известување. За таа цел, недостасува платформа на веб страната на Државниот завод за статистика, која треба да го олесни пристапот, како би можело ажурираните податоци и метадата информации и изворите на информации за ЦОР индикаторите да бидат континуирано мониторирани.

Повеќе од половина од испитаниците вклучени во истражувањето (64%) сметаат дека подобра промоција и промоција на имплементацијата на ЦОР во земјата ќе се обезбеди со креирање на веб-страница која ќе биде национален портал преку кој редовно ќе се ажурираат податоците за напредокот.

# РЕЗИМЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИЗВЕШТАИ

# Државна ревизорска институција Република Србија

**Главно ревизорско прашање:**

***Дали надлежните органи ги имаат преземено потребните активности со цел Република Србија да биде подготвена за спроведување на ЦОР од Агендата 2030?***

**Одговор:**

Врз основа на спроведената ревизија, ВРИ на Република Србија донесе заклучок дека Република Србија покажала подготвеност да ги инкорпорира целите за одржлив развој во својот национален контекст, но и дека е неопходно да се дефинираат долгорочните национални развојни приоритети и да се воспостави континуирана координација на сите надлежни органи и заинтересирани страни.

За ефективно спроведување на Агендата 2030, потребно е надлежните органи да го завршат клучниот процес на усвојување на долгорочниот стратешки развоен план на Република Србија, така што тој, како водечки документ на развојното планирање, јавните политики и националниот буџет, доследно ја одразува поврзаноста со ЦОР во сите аспекти на Агендата 2030. Дополнително, иако 78% од постојната рамка за секторско планирање во 2022 година е покриена со ЦОР, неопходно е прецизно да се дефинира одговорноста за координација на јавните политики во однос на имплементацијата на Агендата 2030, така што придонесот на планските документи на ЦОР би бил воедначен. Исто така, потребно е да се овозможи поголема транспарентност на реализација на средствата од буџетот наменети за ЦОР.

Воспоставена е институционална рамка за имплементација на Агендата 2030, со вклучување на бројни развојни партнери со цел да се мобилизираат расположливите ресурси за спроведување на ЦОР. Сепак, од 2020 година недостасува континуирана координација на активностите во однос на имплементацијата на Агендата 2030, а потребно е и поефективно управување со податоците за меѓународната развојна помош.

Во однос на следењето на имплементацијата на ЦОР, како и известувањето за напредокот во спроведувањето на ЦОР, Републичкиот завод за статистика, како главна и одговорна институција на официјалната статистика за ЦОР, значително придонесува во текот на целиот период на имплементација на Агендата 2030, особено преку воспоставување на портал / платформа во 2019 година, за следење на имплементацијата на ЦОР. ВРИ заклучи дека ефективната имплементација и следење на спроведувањето на Агендата 2030, во согласност со специфичностите на Република Србија, дополнително ќе се подобри со усвојување на Националниот патоказ за статистика, националните индикатори за следење на ЦОР, како и редовно инклузивно известување до Обединетите нации. Во 2019 година, Република Србија го претстави првиот Доброволен национален извештај во Обединетите нации за спроведување на Агендата за одржлив развој 2030 година.

## *Правна и планска рамка во контекст на Агендата 2030 година*

*За ефективна имплементација на Агендата 2030, потребно е надлежните органи да го завршат клучниот процес* на усвојување на Развојниот план на Република Србија, така што тој, како водечки *документ на развојното планирање, јавните политики и националниот буџетот, доследно да ја одразува поврзаноста со Целите за одржлив развој во сите аспекти на Агендата 2030.*

Усвојувањето на Развојниот план, водечки стратешки документ кој ги одредува долгорочните развојни насоки на Република Србија и нивната поврзаност со целите за одржлив развој, е клучен процес што треба да се заврши. Координацијата на јавните политики во однос на целите за одржлив развој не е ефективно воспоставена.

Резултатот од мапирањето на важечките плански документи во однос на Агендата 2030, која е една од спроведените активности, покажува дека 78% од постојната рамка за секторското планирање во 2022 година е покриена со ЦОР, но и дека придонесот на важечките плански документи за ЦОР не е воедначен. Исто така, иако системот на среднорочно планирање и програмско буџетирање обезбедува поврзаност на целите на јавните политики со средствата за нивна реализација, средствата за реализација на ЦОР не се презентирани на доволно транспарентен начин, т.е. нема едноставен и јасен преглед на потрошените средства за реализација на сите 17 цели, како и поединечните ЦОР.

## Институционалната рамка во контекст на Агендата 2030



*Во Република Србија е воспоставена институционална рамка за спроведување на Агендата 2030, со вклучување на бројни развојни партнери. Сепак, од 2020 година недостасува континуирана координација на активностите на државните органи и останатите заинтересирани страни.*

На институционалната рамка за спроведување на Агендата 2030 и недостасува јасна распределба на одговорностите за координација на целиот процес на национална имплементација на Агендата 2030 и постигнување на нејзините цели за одржлив развој.

Република Србија соработува со голем број партнери со цел да ги мобилизира расположливите ресурси за градење капацитети, а со тоа и за реализација на целите за одржлив развој, но неопходно е поефективно да се управува со податоците за меѓународната развојна помош.

*Усвојувањето на Националниот патоказ за статистика, националните индикатори за следење на целите за одржлив развој, како и редовното инклузивно известување до Обединетите нации, ќе обезбеди имплементација и следење на спроведувањето на Агендата 2030 во согласност со специфичностите на Република Србија.*

За ефикасно следење на имплементацијата на Агендата 2030, неопходно е да се создаде Национален патоказ за статистика, кој претставува стратегија за мерење на напредокот во постигнувањето на целите за одржлив развој во земјата.

Во недостаток на национални индикатори, следењето на напредокот во спроведувањето на Агендата 2030 не се заснова целосно на специфичните развојни потреби на Република Србија.

Потребни се редовни и инклузивни доброволни национални извештаи за да се оцени и презентира националниот напредок во спроведувањето на Агендата 2030.

## Препораки

Со цел поефикасно спроведување на Агендата 2030, ВРИ на Република Србија даде препораки до субјектите на ревизија:

### Министерството за надворешни работи:

- ✓ Во Владата на Република Србија да иницира формирање на нова Меѓуресорска работна група за спроведување на Агендата 2030, односно уште едно работно тело кое би ја поддржало меѓусекторската соработка и координација, што е од клучно значење со оглед на мулти секторската природа на Агендата 2030, воспоставување на адекватна база на податоци за следење на проектите за регионален развој, евалуација на мерките и стимулации, како и следење и надзор на нивното спроведување;
- ✓ Да преземе мерки со цел редовно национално да известуваат до ОН за спроведувањето на Агендата 2030.

### Министерството за евроинтеграции:

- ✓ Во рамките на своите надлежности во Управниот орган за подготовка и следење на спроведувањето на Развојниот план на Република Србија, да преземе мерки за подготовка, изготвување и одобрување на Нацрт планот за развој на Република Србија;
- ✓ ISDACON целосно да се стави во функција , со цел да се подобри процесот на планирање, програмирање, следење, евалуација, известување и комуника-

ција на ЕУ фондовите и друга помош, во насока на документирање на Целите за одржлив развој и воспоставување врска со тие цели.

**Републички секретаријат за јавни политики:**

- ✓ Во соработка со другите надлежни органи на државната управа и владините служби да преземат мерки за подготовка на Нацрт-развојниот план на Република Србија и да го достават до Владата за утврдување на предлогот;
- ✓ Имајќи предвид дека Републичкиот секретаријат за јавни политики е надлежен да презема активности за обезбедување на координиран развој на јавните политики од пошироко значење за конкурентноста и одржливиот развој, да иницира попрецизно дефинирање на надлежностите во однос на координацијата на јавните политики за Целите за одржлив развој;
- ✓ Да иницира воспоставување пракса на лоцирање на расходите и издатоците кои се поврзани со Целите за одржлив развој, со цел поголема транспарентност.

**Републичкиот завод за статистика**:

- ✓ Да изработи Национален статистички патоказ за Целите за одржлив развој, кој претставува стратегија за мерење на напредокот во нивното постигнување во Република Србија;
- ✓ Во соработка со други надлежни органи, да преземаат активности од нивна надлежност за воспоставување национален сет на индикатори за следење на напредокот во спроведувањето на Целите за одржлив развој, во согласност со специфичните развојни потреби на Република Србија.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Главно ревизорско прашање:**

***Дали институциите и органите на Република Северна Македонија се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој до 2030 година?***

**Одговор:**

*Институциите и органите на Република Северна Македонија се делумно подготвени за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година.*

Во Република Северна Македонија се исполнети основните предуслови за спроведување на обврските од Агендата 2030, односно во соработка со Обединетите Нации воспоставена е стратешка рамка за интегрирање и усогласување на ЦОР во националните и развојните политики и стратегии. Усогласеноста на ЦОР е 83%, односно 95% доколку се земе во предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции.

Воспоставената институционална структура за управување со имплементацијата на Целите за одржлив развој го застапува интегрираниот пристап, но нејзината функционалност е во доволна мера попречена од недоволните административни капацитети, отсуството на процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, ограничените финансиски ресурси, неефикасни канали за комуникација и информирање, кои не обезбедуваат подигање на свеста за ЦОР и активна вклученост на засегнатите страни во одлучувањето и прилагодувањето на Агендата.

Воспоставените инструменти за следење како што се Брзата интегрирана проценка, Доброволниот национален преглед и извештаите од Заеднички управен комитет, даваат добра основа за следење и мерење на напредокот и остварените резултати, но отсуството на платформа на веб страната на Државниот завод за статистика го отежнува процесот на мониторинг и известување за сетот на индикатори преку кој се следи напредокот на државата и степенот на остварувањето на ЦОР и Агендата 2030.

*Во соработка со ОН, во Република Северна Македонија е воспоставена стратешка рамка за интеграција и усогласување на ЦОР во националните и развојните политики и стратегии.*

Имајќи во предвид дека Националната стратегија за одржлив развој не е ревидирана и во целост приспособена согласно целите и индикаторите на Агендата 2030, на национално ниво потребно е да се донесе Национална развојна стратегија, која е во фаза на подготовка, а која ќе ги опфати стратешките цели и приоритети за наредните 20 години.

Секторските стратешки документи кои се донесени од 2018 година, во главно ги рефлектираат насоките и принципите предвидени со ЦОР, освен стратегиите што се изготвени пред 2015 година, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е на задоволително ниво од 83%, а доколку се земе предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции, степенот на усогласеност со ЦОР достигнува и 95%, што укажува дека постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој.

Воспоставена е организациска и имплементациска рамка за постигнување на одржливиот развој, но недостасуваат сите предвидени тела за поддршка, отсуствуваат процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, поради што недостасува редовна институционална комуникација и координација што ги поврзува различните нивоа на владини активности за идентификување и меѓусебно поврзување на целите/таргетите во насока на интеграција на меѓу секторските политики. Од друга страна, честите промени во раководењето на Националниот совет имаат влијание врз континуитетот и конзистентноста на управувањето кон остварување на стратешките цели.

Отсуството на ефективни канали за комуникација и информирање се главната причина за недоволната вклученост на заинтересираните страни и подигање на јавната свест, сметаат испитаниците од спроведеното истражување. Имено, само 5% од испитаниците сметаат дека се воспоставени канали за комуникација и информирање за заинтересираните страни и јавноста, а нивната ефективност е делумна, додека 77% од нив сметаат дека не им се даваат доволно можности активно да учествуваат во процесот на прилагодување на националната рамка на ЦОР.

## *Капацитети за спроведување на Агендата 2030*

*Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за Рамката за соработка за одржлив развој, претставува добра основа која ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишниот период.*

Мобилизацијата на средства во главно се одвива согласно планираното, но расположливите средства по години не се искористени во целост. Од вкупно мобилизираните средства во износ од 124,6 милиони американски долари, во 2021 година на располагање на ОН во Република Северна Македонија биле достапни 44,9 милиони долари, од кои потрошени се 35,6 милиони долари, односно 79%, а во 2022 година од расположливите 37,4 милиони долари, реализирани се 31,3 милиони долари, односно 84%.

Постојниот начин на буџетирање не дава јасна слика за тоа колку од средствата планирани и реализирани со буџетот, се насочени во функција на остварување на одделните цели и под цели на одржливиот развој и не овозможува ефикасно следење на резултатите од финансираните активности.

Клучните институции во националната рамка за глобална имплементација на Агендата, имаат ограничени капацитети кои не даваат добра основа за целосна координација и спроведување на националните политики и приоритети.

## ***Следење и известување***

*Следењето и прегледот за напредокот на Република Северна Македонија кон постигнување на целите за одржлив развој од Агендата 2030 се врши преку повеќе документи и сет на индикатори, но недостасува систем за прибирање на податоци од повеќе институции.*

Следењето и прегледот за напредокот на Република Северна Македонија кон постигнување на целите за одржлив развој од Агендата 2030 се врши преку повеќе документи: Анализа за утврдување недостатоци, Брзата интегрирана проценка, Доброволниот национален преглед, финалната евалуација на стратешкиот документ Партнерството за одржлив развој и годишните и полугодишни извештаи од Заедничкиот управен комитет. Од глобалната рамка на индикатори, за Република Северна Македонија расположливи се 155 индикатори или (63%), и најголемиот дел произлегува-ат од програмата за работа на Државниот завод за статистика, додека останатите индикатори се обезбедуваат од други релевантни институции.

Не воспоставениот систем за прибирање и следење на податоците од повеќе институции, не го олеснува процесот на известување како поддршка на механизмот за отчетност. Во таа насока, недостасува платформа на веб страната на Државниот завод за статистика, која треба да го олесни пристапот, како би можело ажурираните податоци и метадата информации и изворите на информации за ЦОР индикаторите да бидат континуирано мониторирани.

## Препораки

За надминување на констатираната состојба, ревизијата даде препораки за преземање мерки за нивно надминување.

**Владата на Република Северна Македонија / Националниот совет за одржлив развој и другите надлежни органи да преземат активности за:**

- ✓ Интензивирање на активностите на изготвување на Националната развојна стратегија;
- ✓ Обезбедување на инклузивност, конзистентност и континуитет во работата на Националниот Совет за одржлив развој и Техничката работна група;
- ✓ Преиспитување на организациската и имплементациската рамка за постигнување на одржливиот развој и нејзино јасно дефинирање во Националната развојна стратегија која е во подготовка;
- ✓ Зголемување на свесноста за придобивките од ЦОР на сите засегнати страни и нивно активно вклучување при креирање на политики и мерки како и реализација на активности во функција на остварување на ЦОР;
- ✓ Во соработка со Министерството за финансии да се обезбеди можност, одделните буџетски програми кои се реализираат преку буџетот на државата да се поврзат со одделните цели, под цели и индикатори од ЦОР со кои кореспондираат;
- ✓ Обезбедување на соодветни човечки и материјално технички ресурси во јавниот сектор за остварување на ЦОР;
- ✓ Обезбедување на дигитална платформа за прибирање и следење на податоците од повеќе институции/чинители за сите активности и статистички податоци поврзани со Агендата 2030.

Земајќи ја во предвид временската рамка за спроведување на Агендата 2030 од една страна, изминатиот период на имплементација на активностите кои упатуваат на 50% на изминат период од друга страна, и присуството на предизвиците со кои се соочуваат земјите задолжени за имплементација на наведената Агенда во наредниот период од трета страна, оценката и следењето на напредокот и подготвеноста на владите за спроведување на ЦОР е неминовна потреба, клучна и добива се повеќе на внимание и разбирање.

Имено, во рамките на 78-та сесија на Генералното собрание на ОН во Њујорк, септември 2023 година, се одржа дводневен самит за Целите за одржлив развој. Членките на ОН, вклучително и Република Србија и Република Северна Македонија, усвоија политичка декларација[26] за забрзување на активностите за дејствување на Агендата 2030 и нејзините ЦОР кон мир, просперитет и напредок за сите.

Следствено, улогата на Врховните ревизорски институции останува значаен фактор во овој процес, бидејќи со нивниот ангажман тие додаваат вредност и влијаат на подобрување на животот на граѓаните и во исто време обезбедуваат практична имплементација на меѓународните принципи на INTOASAI – P 12 со цел да ги исполнат очекувањата на јавноста и другите засегнати страни.




26 Политичка декларација на политичкиот форум на високо ниво за одржливиот развој под покровителство на Генералното собрание

# ПРИЛОГ:

## 17 Цели на одржлив развој

**ЦОР 1: Свет без сиромаштија** - Да се стави крај на сиромаштијата, во сите нејзини форми и насекаде;

**ЦОР 2: Свет без глад** - Да се стави крај на гладувањето, да се постигне обезбеденост со храна и да се подобри исхраната, како и да се промовира одржливо земјоделство;

**ЦОР 3: Добро здравје и благосостојба** - Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојбата на сите за сите возрасти;

**ЦОР 4: Квалитетно образование** - Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите;

**ЦОР 5: Родова еднаквост** - Да се постигне родова еднаквост и еманципација на жените и девојчињата;

**ЦОР 6: Чиста вода и санитарни услови** - Да се обезбеди пристап до вода за сите и одржливо управување со водата и санитарните услови;

**ЦОР 7: Достапна и обновлива енергија** - Да се обезбеди пристап до достапна, сигурна, одржлива и современа енергија за сите;

**ЦОР 8: Пристојна работа и економски раст** - Да се промовира инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите;

**ЦОР 9: Индустрија, иновации и инфраструктура** - Да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се поттикнуваат иновации;

**ЦОР 10: Намалување на нееднаквоста** - Да се намали нееднаквоста во и меѓу земјите;

**ЦОР 11: Одржливи градови и заедници** - Градовите и населените места да станат безбедни, отпорни и одржливи;

**ЦОР 12: Одговорна потрошувачка и производство** - Да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство;

**ЦОР 13: Акција за справување со климатските промени** - Да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание;

**ЦОР 14: Животот под вода** - Да се заштитат и одржливо да се користат океаните, морињата и морските ресурси заради постигнување одржлив развој;

**ЦОР 15: Живот на копно** - Одржливо да се управува со шумите, да се спречи опустошувањето, да се запре деградацијата на земјиштето и да се спречи загубата на биолошката разновидност.;

**ЦОР 16: Мир, правда и силни институции** - Да се промовираат мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и да се изградат ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа;

**ЦОР 17: Партнерства за постигнување на целите** - Да се зајакнат средствата за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој.